УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 14-01/851-1
22.11 2024 год.

Врз основа на член 37 став 6 член 114 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 и Сл.весник на СРМ бр. 178/2021), член 65 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 44 од Статутот на Градежниот факултет - Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), деканот на Градежниот факултет ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за распишување избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Градежниот факултет – Скопје

### Член 1

Се распишуваат избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Градежниот факултет – Скопје.

Изборите ќе се одржат на ден 24.12.2024 година.

### Член 2

Се именува Изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание во следниот состав:

- вонр. проф. д-р Златко Богдановски, претседател,
- вонр. проф. д-р Коце Тодоров, член
- Марија Елена Ицковска, студент на втор циклус студии по градежништво – член
- Ева Беличоска, студент на прв циклус студии по градежништво – член
- Миа Додевска, студент на прв циклус студии по градежништво – член.

### Член 3

Кандидатите за претставници во Факултетското собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии, со тоа што од секоја студиска година се предлагаат кандидати за претставници во Факултетското студентско собрание. Бројот на претставници по години од додипломски студии и од постдипломски и докторски студии е утврден со Статутот на Факултетското студентско собрание.

Право да се кандидираат и да избираат имаат сите студенти кои се запишани на студии во учебната 2024/2025 година и имаат запишан зимски семестар.

Собирите на студенти треба да се одржат најдоцна до 17.12.2024 година.

За избрани членови на Факултетското студентско собрание се сметаат кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите на Факултетот кои гласале.

**Член 4**

За претседател на Факултетското студентско собрание може да се кандидира редовен студент кој запишал зимски семестар во учебната 2024/2025 година и ги положил сите испити заклучно со трет семестар.

Кандидирањето за претседател е лично преку поднесување на кандидатура на која даваат поддршка најмалку 20 редовни студенти од Факултетот.

Кандидатурата за претседател со пријавата и потписите за поддршка од студентите се поднесува најдоцна до 17.12.2024 година, до Изборната комисија преку архивата на Факултетот.

За избран претседател на Факултетското студентско собрание се смета кандидатот кој добил најмногу гласови од студентите на Факултетот кои гласале.

**Член 5**

Се задолжува изборната комисија од член 2 на оваа Одлука, изборите за членови и за претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје, Статутот на Градежниот факултет и Статутот на Факултетското студентско собрание на Градежниот факултет.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на веб страната на Факултетот и се доставува електронски до студентите на Факултетот.

Декан,

Проф. д-р Горан Марковски

Доставено до:

- Членови на Комисија
- Веб страна на Факултетот
- Студентите на Факултетот (по електронски пат)
- Архива